Амбасадорот Волерс ја отвара конференцијата на ОПДАТ

На 3 октомври, амбасадорот Пол Волерс и директорот на Академијата за судии и јавни обвинители, Анета Арнаудовска, официјално ја отворија заедничката конференција на ОПДАТ и на Академијата, за судската пракса на Европскиот суд за човекови права. На конференцијата беше претставена збирка на 27 референтни пресуди на Европскиот суд за човекови права во врска со членовите: 3 (Забрана за тортура), 5 (Право на слобода и безбедност на личноста), 6 (Право на правично судење) и 8 (Право на почитување на приватниот и семејниот живот). По завршувањето на презентацијата, во изјава за медиуми амбасадорот Волерс ја потенцираше важноста на ефективната употреба на стандардите за човекови права за еден оддржлив правен систем каде што правата на сите луѓе ќе бидат почитувани, доближувајќи ја Македонија до вистинска просперитетна и мултиетничка демократија базирана на владеење на правото.

Н.Е. Пол Д. ВОЛЕРС
Г-ѓа Анета АРНАУДОВСКА
Г. Митко ЧАВКОВ

Г. Сашо РАЈЧЕВ

U.S. Department of State
Bureau of International Narcotics and
Law Enforcement Affairs (INL)